РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА
Бр. 01-423/56
04.08. 2025 год.

Врз основа на член 10 и член 45 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија"' бр. 27/20147 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020,215/2021 и 99/2022,208/2024 и 210/2024 ) и Предлогот за вработување на кандидат бр. 10-1581/10 од 01.08.2025 година по Јавен оглас бр. 681/2025 , директорот на НУ Центар за култура - Битола донесе:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Скопје-Shkup
Примено: Pranuar: 06-08-2025
Орг. Един. Nj. Org. 10 | Број Numër 1581/11 | Прилог Shtojcë 1

# ОДЛУКА

за избор за вработување на административен службеник по јавен оглас

1. Појавниот оглас бр. 681/2025 објавен на 02.07.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, за вработување на административен службеник во Националната установа Центар за култура - Битола се избира:
   Кандидатот со идентификацски код D9A7335, Анета Поповска- Неќак, за работното место КУЛ 01 02 В01 006 Советник – главен сметководител, Административна служба
2. Именуваната ќе биде вработена на неопределено време на работното место од став 1 на оваа Одлука, по конечноста на Одлуката.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 02.07.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е оглас бр.681/2025 за вработување на административен службеник во Националната установа Центар за култура - Битола. Со Решение бр. 10-1581/5 од 11.07.2025 година, формирана е Комисија за селекција на вработувањето по јавен оглас од страна на Агенцијата за администрација на РСМ. Комисијата за селекција на вработувањето по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр. 10-1581/6 од 17.07.2025 година. На ден 31.07.2025 година спроведен е испит за административен службеник и изготвен е Записник од спроведениот испит за административен службеник бр, 10-1581/8 од 31.07.2025 година. Воедно е изготвено и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција на вработувањето по јавен оглас, бр. 10-1281/7 од 30.07.2025 година и согласно измената во Решението е потпишан и записникот од спроведениот испит од страна на изменетиот член на Комисијата. На ден 01.08.2025 година спроведена е проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и составен е Записник од спроведена проверка на

веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10-1581/9 од 01.08.2025 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази и Предлог за за вработување на кандидат бр. 10-1581/10 од 01.08.2025 година по Јавен оглас бр. 681/2025. Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, директорот на Националната установа Центар за култура - Битола, донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата и огласната табла во Агенцијата за администрација.

Доставено до:
Агенција за администрација (2)
Архива на Центарот (I)
Избраниот кандидат (1)

Национална установа Центар за култура – Битола

Директор,

Сашо Илковски